# 12. БОГ ДА БИЕ КОЈ ПРВ СПОМНА




1. **Бог да бие, кој прв почна,**
   **кој прв почна да ми оди на печалба,**
   **на печалба, мило либе в'Америка.**

2. **Три години, без работа,**
   **без работа, мило либе, ем, без пари.**

3. **Параходот веќе пристигна,**
   **пари немам, мило либе да се качам.**

4. **Ако сакаш да си дојдам,**
   **продај си го, мило либе ѓерданчето.**

5. **Ако не стаса ѓерданчето,**
   **продај си го мило либе елечето.**
   **Пракај пари, мило либе, да си дојдам.**